ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
Human Rights Support Project

# ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА




## Извештај за заштита на човековите права при полициска злоупотреба и при тортура
## 2008

ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
Human Rights Support Project

# ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА

## Извештај за заштита на човековите права при полициска злоупотреба и при тортура

Скопје, ноември 2008

# ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА
## Извештај за заштита на човековите права при полициска злоупотреба и при тортура


**Издавач:** Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење"

**За издавачот:** Аница Томшиќ-Стојковска, извршен директор

**Автор :** Аница Томшиќ-Стојковска, координатор на Проектот за поддршка на човековите права

**Имплементатори на Проектот за поддршка на човековите права:**
Коалиција “Сите за правично судење”
Здружение на граѓани “Форум за правата на Ромите АРКА”, Куманово
Здружение на граѓани “Центар за демократски развој”, Тетово
Здружение на граѓани “Центар за граѓанска иницијатива”, Прилеп
Здружение на граѓани “Избор”, Струмица

**Правни советници/проектни асистенти:**
Михаил Готовски, Коалиција “Сите за правично судење”
Феат Камберовски, Здружение на граѓани “Форум за правата на Ромите АРКА”, Куманово
Беким Нухија, Здружение на граѓани “Центар за демократски развој”, Тетово
Талија Бабоска, Здружение на граѓани “Центар за граѓанска иницијатива”, Прилеп
Борис Гудев, Здружение на граѓани “Избор”, Струмица

**Рецензент:** д-р Звонимир Јанкуловски

**Лектура:** Снежана Веновска- Антевска

**Дизајн и печат:** ЕМИТЕР- Скопје

**Тираж:** 400


FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

United Nations Human Rights
OFFICE OF THE HIGH COMMISSIONER FOR HUMAN RIGHTS

# Содржина

1. Резиме 7
2. Да се слушне и другата страна ?!? 11
3. Нека се извршува правдата, па дури и да пропадне светот 13
3.1. Ромите и понатаму ранлива категорија 15
4. Телесните повреди најчести 19
4.1. Дали има тортура кај нас 22
4.2. Спектакуларни апсења – дали се тие доказ за ефикасноста на органите за спроведување на законот 25
4.3. Невозможна мисија – како да се идентификува полициски службеник 29
5. Има ли излез од тунелот ??? – каква е контролата врз полицијата 31
5.1. Поднесени претставки до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди 32
5.2. Неоснованоста како најчест одговор на поплаките на граѓаните 33
5.3. Изминато време од поднесената претставка до доставувањето на одговор од СВКПС 36
5.4. Санкционирање на одговорните полициски службеници 38
6. Светло на крајот од тунелот – кој ги заштитува жртвите од полициска злоупотреба 41
6.1. Коцката е фрлена- поднесени кривични пријави до Јавното обвинителство 43
6.2. Каква е улогата на народниот правобранител 46

6.3. Има ли правда? – судски постапки за полициска злоупотреба 48
7. Облици на соработка со државните органи 51
8. Завршни согледувања и препораки – потешки се делата отколку зборовите 53
9. Прилози 56
Прилог 1: Рецензија 56
Прилог 2: Литература 58
Прилог 3: Контакти на организациите имплементатори на ППЧП 59

# Список на најчесто употребувани кратенки

| | |
|---|---|
| АРКА | Здружение на граѓани „Арка", Куманово |
| АПТ | Асоцијација за превенција од тортура |
| ЕБР | Единица за брзо распоредување |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗКП | Закон за кривична постапка |
| Избор | Здружение на граѓани „Избор", Струмица |
| ЈО | Јавно обвинителство на РМ |
| Коалиција | Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" |
| КЗ | Кривичен законик |
| КПЕ | Кодекс на полициска етика |
| КПТ | Комитет за превенција на тортура на Советот на Европа |
| МВР | Министерство за внатрешни работи на РМ |
| НП | Народен правобранител на РМ |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОС | Основен суд |
| ОСЛ | Овластено службено лице |
| ПС | Полициска станица |
| ППЧП | Проект за поддршка на човекови права |
| СВКПС | Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди |
| ФИООМ | Фондација Институт отворено општество Македонија |
| УНВФВТ | Фонд за жртви од тортура при Обединети нации |
| ЦГИ | Здружение на граѓани „Центар за граѓанска иницијатива"-Прилеп |
| ЦДР | Здружение на граѓани „ Центар за демократски развој " - Тетово |

# 1.Резиме

*Неправдата каде и да е,*
*е закана за правдата насекаде*
*– Мартин Лутер Кинг*

Проектот за поддршка на човековите права кој се имплементира од 2004 година беше реализиран и во 2008 година. Основна цел на Проектот за поддршка на човековите права е да обрне внимание на употребата на незаконска физичка или ментална сила, од страна на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи, во текот на вршењето на нивните службени задачи и да помогне во развојот на ефективен механизам за заштита на човековите права.

Проектот започна како инцијатива на граѓанскиот сектор за да се влијае врз неправилното однесување или врз злоупотребата од полициските сили.[1] Неправилното однесување на полициските службеници беше евидентирано во изминатите години со вкупно 251 регистриран случај.
Основната активност на Проектот за поддршка на човековите права е обезбедување на **бесплатна правна помош** преку :

- интервјуирање и документирање на наводите дадени од жртвите;
- помош на евентуалните жртви да извадат соодветна документација потребна за докажување на полициска злоупотреба;
- финансиска помош за вадење лекарски уверенија;
- поднесување претставки и кореспонденција со соодветните државни органи во име на регистрираните жртви;
- подготовка и поднесување кривични пријави, како и застапување на жртвите при супсидијарно гонење;
- следење на судските постапки против ОСЛ за злоупотреба или за пречекорување на службените овластувања.

[1] Здруженија на граѓани кои го имплементираат ППЧП ја покриваат целата територијата на Република Македонија, односно регионот на Скопје и на Велес го покрива Коалицијата "Сите за правично судење"; североисточниот дел на Македонија го покрива Арка од Куманово (Куманово, Кратово, Крива Паланка и Штип); северозападниот дел на Македонија го покрива Центарот за демократски развој од Тетово (Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар); југозападниот дел на Македонија го покрива Центар за граѓанска иницијатива од Прилеп (Прилеп, Битола, Крушево, Македонски Брод, Ресен, Охрид, Струга, Кавадарци и Неготино); додека југоисточниот дел на Македонија го покрива Избор од Струмица (Струмица, Гевгелија, Кочани, Радовиш, Берово и Делчево).

На овој начин во изминатите години ППЧП придонесе за еднаков пристап до правдата за граѓаните кои се јавуваат како жртви на полициска злоупотреба.

Во 2008 година правните советници на ППЧП дадоа бесплатна правна помош на 38 жртви на полициска злоупотреба од кои 38% се однесуваат на нанесување телесни повреди, а 24% од евидентираните случаи имаат елементи на тортура.
Она што и во 2008 година остана забележително е полициската злоупотреба врз Ромите, каде што од вкупно евидентираните случаи 18% се однесуваат на жртви од ромската популација.
И во извештајот на комесарот за човекови права, Томас Хамарберг од неговата посета на Македонија во период од 25 до 29 февруари 2008 год. посебно се потенцира полициската злоупотреба кон ромската популација. Ова се поткрепува и со случаите[2] кои беа поведени пред Европскиот суд за човекови права кои, исто така, се однесуваат на насилство врз Роми од страна на полициски службеници.

Тортурата беше регистрирана од здруженијата на граѓани вклучени во ППЧП во случаи кога се спроведувале полициски акции од специјалните полициски единици, како и од инспектори на полициските станици.

Тортурата беше регистрирана и во трите последователни извештаи на КПТ на Совет на Европа. Во овие извештаи се посочува лошото постапување на Полицијата, особено на посебната мобилна единица т.н. Алфи, прекумерната употреба сила и злоупотребата од страна на органите за спроведување на законот.[3]

Интересно е што во 2008 година граѓаните имаа најголем проблем во идентификувањето на полициските службеници или поточно кој вид или категорија на полициски службеник ја сторил пријавената повреда.
Овој проблем беше поткрепен со информацијата дека најчесто полициските акции се спроведувале од неуниформирани ОСЛ кои немале јасни обележја за кој вид единица се работи. Од вкупниот број инволвирани полициски службеници за 16% граѓаните не можеле да дадат точно информација за видот и за категоријата на ОСЛ.

Случаи на полициска злоупотреба се регистрирани и во Годишниот извештај на народниот правобранител за 2007 година, во делот на спроведување на тортура во полициска станица, како и други елемен-

---

[2] Случаите на Јашар, Џеладинов и на Сулејманов се однесуваат на повреда на член 3 од Европската конвенција за човекови права , како и повреда на членот 13
[3] http://www.cpt.coe.int/documents/mkd/2008-31-inf-mkd.pdf

ти на полициска злоупотреба.[4] Во извештајот на НП јавно се посочува вината во ефикасноста на истрагата од внатрешните органи на МВР.

Како еден од позначајните проблеми во 2008 година кој беше регистриран од страна на Проектот претставуваше отсуството на независност на внатрешната истрага на МВР. Од поднесени 37 претставки до СВКПС добиени се 22 одговори со констатација на неоснованост.

Она што забележува тренд на зголемување оваа година е непочитувањето на законскиот рок од 30 дена за доставување на одговор на поднесена претставка до СВКПС. Во 86% од добиените одговори било потребно 90 дена за доставување одговор, што самото по себе наведува на недоволна ефикасност, ажурност и екипираност на МВР за спроведување на внатрешни истраги.

Наедно институционалната ефикасност се постави како прашање и во делот на функционирањето на Јавното обвинителство. Во период од 2004 до 2008 година за кривичните пријави кои се поднесени од страна на ППЧП, ЈО за 41% од нив се има произнесено дека се откажува од гонење, за 41% од нив истрагата е се уште во тек, а само за 18% се повел обвинителен акт.
Овој проблем е потенциран и на 40-тата сесија на Комитетот против тортура при Обединетите нации одржана на 16. 05. 2008.
На оваа сесија покрај констатацијата за повреда на човековите права од страна на службени лица, се истакнува и загриженоста за неадекватното постапување на Јавното обвинителство, особено кога станува збор за навремено истражување на наводи од тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување.

Она што може да се резимира е дека полициската злоупотреба постои се уште во нашата држава. Најчести форми се нанесување телесни повреди со прекумерна употреба на сила. СВКПС за употребата на сила најчесто имаше констатирано дека таа е оправдана и дека е законски применета, а претставките на граѓаните неосновани.
Јавното обвинителство и другите институции немаат доволна моќ за покренување ефикасна истрага и обвиненија против полициските службеници, потпирајќи се единствено на информациите добиени од МВР.
Малиот број постапки кои се водат пред судовите најчесто се иницирани по приватна тужба на жртвите од полициска злоупотреба.

Потребно е и во иднина да постојат дополнителни механизми кои ќе им помагаат на граѓаните до пристапот на правдата, како со давање бесплатна правна помош, така и со формирање на надворешни и на независни тела кои ќе вршат контрола врз органите за спроведување на законот.

---

[4] Годишен извештај за 2007 – Народен правобранител , www.ombudsman.mk

# Пристап до правдата

# 2. Да се слушне и другата страна?!?[5]
## - вовед во приказната

Проектот за поддршка на човековите права од самиот почеток на имплементација од 2004 година до денес даде можност да се слушне и другата страна, т.е. да се информира јавноста за повредите кои ги имаат добиено граѓаните од страна на полицијата.
Вистината е материја на докажување која се обиде да ја оствари Проектот преку еднаков пристап до правдата и преку давање бесплатна помош на лица кои биле/се жртви на полициска злоупотреба или тортура. Наедно другата страна од приказната се обидовме да ја слушнат и релевантните институции со цел менување и реформа на постапувањето на полицијата.

Во првиот извештај кој го подготви Проектот за поддршка на човековите права за 2004-2005 година беа евидентирани 100 случаи на пречекорување на овластувањата од страна на полицијата.[6]

Во 2006 година Проектот воспостави своја официјална интернет страница, како и бесплатна телефонска линија 0800 11 333.
Таа година евидентирани беа 62 случаи на повреди на правата од страна на полицијата, од кои најизразени беа телесните повреди (47%), како и грубото и недолично однесување од страна на полицијата (33%).
Специфично за овој период е што граѓаните иако бараа совет од Проектот, сепак еден дел од нив се плашеа да инцираат постапки против ОСЛ на МВР.[7]

Како и во 2005, така и во 2006 година најголеми пречекорувања на полициските овластувања беа направени од страна на Алфите кои, најчесто, применуваа сила при што во нивното постапување со осомничените лица забележани се најголем број телесни повредувања (тешки телесни повреди) .

---

[5] Audiatur et altera pars
[6] Извештај за 2004-2005 , www.hrsp.org.mk
[7] Извештај за 2006, www.hrsp.org.mk

Во 2007 година Проектот за да им помогне на жртвите од полициска злоупотреба обезбеди фонд со кој се плаќаат лекарските уверенија и кои претставуваат еден од доказите дека полицијата ги пречекорила своите овластувања.
Континуирано продолжи обезбедувањето на бесплатна правна помош на жртвите, со подготовка и со доставување претставки до СВКПС на МВР, како и до народниот правобранител на РМ.

Во 2007 година беа евидентирани 51 случај на полициска злоупотреба што претставуваше намалување за 16% во однос на претходната година.[8]

Од вкупниот број регистрирани случаи 53% беа телесни повреди од страна на ОСЛ, а 26% грубо и недолично однесување што е спротивно на правилата на Кодексот на полициска етика [9].
Она што е најкарактеристично за овој период е што најчеста мерка која се презема од униформираните полицајци е тепањето и малтретирањето лица кои се осомничени за сторено кривично дело.[10]

Регистриран беше случај каде беше претепана една жртва брутално пред очите на своето семејство, а потоа оставена пред влезот на самата болница. Наедно беа регистрирани и телесните повреди кои ги здобиваат граѓаните во полициска станица.

Од регистрираните случаи на полициска злоупотреба во 2007 година најголем дел беа извршени од униформирани полициски службеници (61%), а 9 случаи се однесуваа на лошо постапување и на нанесување телесни повреди од страна на Посебната мобилна единица Алфи ( 19%).

Она што произлезе како заклучок за период 2004-2007 година е[11] :

- Најчеста мерка на казнување на полициските службеници е намалување на месечната плата од 15% во траење од една година.
- СВКПС не дал одговор за изречените казни на ОСЛ во најголем број случаи.
- Во период 2004-2006 година СВКПС не го почитувал законскиот рок за доставување на одговор на поднесена претставка во рок од 30 дена, а подобрување во овој дел се забележува во 2007 година.
- Недоволна кадровска екипираност на СВКПС која ќе обезбеди навремена и целосна истрага на случаите на лошо постапување на полицијата.

---

[8] Извештај 2007, www.hrsp.org.mk
[9] Сл.весник на РМ - Кодекс на полициска етика -11.06.2007 член 37 гласи
"Полициските службеници не смеат да предизвикуваат, поттикнуваат или толерираат никаков чин на тортура, мачење , нечовечко или понижувачко постапување или казнување".
[10] Во Кодексот на Полициска Етика експлицитно се наведува дека ќе биде употребена сила само кога е тоа нужно, во согласност со околностите на случајот и тоа во мерка која го бара вршењето на должноста.
[11] Види повеќе во Извештаите на ППЧП за 2004-2005, 2006 и 2007, www.hrsp.org.mk

# 3. Нека се извршува правдата, па дури и да пропадне светот[12] - приказната во 2008 година

Во рамките на Проектот во 2008 година беа регистрирани 37 случаи на полициска злоупотреба со 38 жртви. Овој број од случаи го опфаќа периодот од 1.11.2007 до 1.11.2008 година.
Во споредба со регистрираните случаи за 2007 година оваа година е евидентирано намалување.[13]
Во овој дел треба да се истакне дека постојат граѓани кои бараат совет од страна на ППЧП , но не сакаат да иницираат започнување на истрага. Постои недовербата кон државните институции и распространетото мислење за постоење на т.н. полициска супкултура[14], како брана пред можноста случаите на полициски злоупотреби да бидат целосно истражени, документирани и осудени.

Во последниот извештај на Комитетот за превенција на тортура на Совет на Европа се посочува дека Секторот за внатрешна контрола има огромна улога во известувањето на министерот за функционирањето на полицијата и во работата на унапредување на нејзиниот професионализам.
Сепак, кога станува збор за истражување на наводи на злоупотреба од страна на службеници одговорни за спроведување на законот , СВКПС не може да се смета за независно тело кое може да врши итни, темелни и делотворни истраги.[15]

---

[12] Fiat iustitia, pereat mundus
[13] Во извештајот на ППЧП за 2007 година регистрирани се 51 случај на полициска злоупотреба.
[14] Постоењето на полициската супкултура се јавува и во поголем број истражувања за полициски поведенија меѓу кои може да се посочи на пример истражувањето на Шерман од 1982 година. Според него полициската супкултура е поради наредното :
1. лојалноста кон колегите се смета за суштинска;
2. јавноста или најголемиот дел од неа се доживува како непријател;
3. сфаќањата на полициските службеници вклучуваат и употреба на сила;
дискреција и премолчување на вистината кога треба да се заштитат интересите на полициската организација
– Повеќе види во : Полициска етика и деонтологија
– проф. Трпе Стојановски 2006.
[15] http://www.cpt.coe.int/documents/mkd/2008-31-inf-mkd.pdf

Во овој период во регионот на североисточна Македонија регистрирани се 6 случаи на полициска злоупотреба , во Скопје и Велес регистрирани се 6 случаи , во северозападна Македонија има регистрирано 7 случаи,во југоисточна Македонија има регистрирано 8 случаи, додека во југозападна Македонија регистрирани се 10 случаи на полициска злоупотреба.

**Регистрирани случаи на полициска злоупотреба во 2008 година**

| | Евидентирани случаи | Евидентирани жртви |
|---|---|---|
| Североисточна Македонија (Арка Куманово) | 6 | 7 |
| Скопје и Велес (Коалиција) | 6 | 6 |
| Југоисточна Македонија (Избор Струмица) | 8 | 8 |
| Северозападна Македонија (ЦДР Тетово) | 7 | 7 |
| Југозападна Македонија (ЦГИ Прилеп) | 10 | 10 |
| ВКУПНО | 37 | 38 |

Табелата покажува дека во 2008 год. најголем број случаи на полициска злоупотреба се регистрирани во регионот на југозападна Македонија во кој се опфатени градовите: Прилеп, Битола, Крушево, Македонски Брод, Ресен, Охрид, Струга, Кавадарци и Неготино.
Според оваа евиденција се забележува најмал број регистрирани случаи на полициска злоупотреба во регионот кој ги опфаќа Скопје и Велес.

## Регистрирани случаи од 2004 до 2008



Подолу на графиконот може да се заклучи дека во 2008 година во споредба со претходните години нема некое поголемо отскокнување во бројот на полициските злоупотреби и тие се појавуваат во сите региони на Македонија, но забележително е намалувањето на полициските повреди во Скопје и во Велес кои, за првпат во 2008 година, го немаат лидерското место по бројот на регистрираните случаи. Во изминатите години полициската злоупотреба била поизразена во североисточна Македонија како и во Скопје и во Велес, додека во 2008 година поголемиот број повреди се јавуваат во југозападна и во југоисточна Македонија.

Иако се регистрирани 37 случаи во 2008 година, од 2004 до денес во Проектот има 135 активни случаи на целата територија на РМ.[16]Тоа јасно ја покажува институционалната неефикасност во соочувањето со феноменот на полициска злоупотреба и тортура. Најголем број случаи од Скопје/Велес и северозападна Македонија се нерешени или чекаат ефикасна истрага од одговорните институции.

**Затворени и активни случаи 2004-2008**

| | Затворени случаи | Активни случаи |
|---|---|---|
| Североисточна Македонија ( Арка Куманово) | 31 | 24 |
| Скопје и Велес (Коалиција) | 41 | 33 |
| Југоисточна Македонија (Избор Струмица) | 24 | 16 |
| Северозападна Македонија ( ЦДР Тетово) | 10 | 36 |
| Југозападна Македонија ( ЦГИ Прилеп) | 10 | 26 |
| Вкупно | 116 | 135 |

## *3.1 Ромите и понатаму ранлива категорија*

Од вкупниот број регистрирани жртви во североисточниот дел на Македонија, 6 се Роми и 1 Македонец. Од наведените жртви сите се полнолетни, освен во едниот случај каде има регистрирано 1 малолетно лице [17]
Од регистрираните жртви од овој регион , 4 се мажи и 3 жени.

[16] Регистрираните случаи на полициска злоупотреба се затвораат во случаите кога : 1.се искористени заштитните правни механизми и е констатирана повреда при што жртвата смета дека во нејзиниот случај дошло до задоволување на правдата, 2. СВКПС, НП или ЈО утврдиле дека нема случај на полициска злоупотреба, а жртвата не била заинтересирана за натамошно водење на постапката.
[17] КУ 050 –доведување и задржување на лице во полициска станица под сомневање за сторено кривично дело кражба за кое е утврдено подоцна дека се работи за друго лице , и каде врз жртвата е постапувано грубо и недолично за да се изнуди признание.

За регионот на Скопје и на Велес , регистрирани се 6 случаи со 6 жртви од кои 4 се Македонци, 1 Ром и 1 Албанец. Од наведените жртви сите се мажи и полнолетни лица.

За регионот на југозападна Македонија регистрирани се 10 жртви од кои 7 полнолетни и 3 малолетни лица. Од вкупниот број 9 се Македонци и 1 Албанец. Од наведените жртви 9 се мажи и 1 жена.

Во југоисточниот дел на Македонија има регистрирано 8 случаи во кои има 8 жртви, 7 мажи и 1 жена, и сите полнолетни лица. 6 од жртвите се на возраст од 18 до 30 години, и 2 жртви на возраст од 40 до 55 години. Сите регистрирани жртви се Македонци.

Во северозападниот дел на Македонија се регистрирани 7 случаи во кои има 7 жртви. Од нив 1 жртва е Македонец , а 6 жртви се Албанци. Сите регистрирани жртви се полнолетни лица.

На ниво на цела територија на Република Македонија има регистрирано 38 жртви на полициска злоупотреба од кои 23 се Македонци, 8 Албанци и 7 Роми.

## Регистрирани жртви според етничка припадност




Во овој дел може да се заклучи дека најголем дел од жртвите се Македонци, но како најранлива категорија се јавуваат Ромите во согласност со процентуалната застапеност во нашата држава.
Еден дел од претставниците на ромската популација при презентациите[18] на Проектот, кои се спроведоа во повеќе населени места, истакнаа дека не би сакале да пријават полициски службеник во случај на полициска злоупотреба од страв дека се уште полицијата ја има моќта во свои раце и може да си поигра со нивните судбини.

[18] Презентација во Младинскиот клуб Сакам да знам- Хера, октомври 2008.

И во извештајот на комесарот за човекови права на Совет на Европа, Томас Хамарберг од неговата посета на Република Македонија во период 25-29 февруари 2008 година стои дека статистичките податоци обезбедени од невладините организации кои ги застапуваат жртвите на полициско насилство укажуваат дека ромската популација е особено засегната од полициски злоупотреби со оглед на тоа што речиси 12,5% од случаите за 2007 година се однесуваат на Роми.
Во согласност со ова комесарот и препорачува на Владата да преземе ефективни мерки за да го реши овој проблем и да ги надмине предрасудите и дискриминацијата од страна на полицијата.

Во однос на старосната структура, од вкупниот број жртви (38) , 34 лица се полнолетни , а 4 лица се малолетни. Од малолетните лица 1 е регистрирано во Куманово, а 3 се регистрирани во Прилеп каде може да се констатира зголемена повреда на правата на лица под 18 години.

Како дополнителен елемент во констатацијата за повреди на правата на малолетници од страна на ОСЛ е и медиумскиот случај на доведување на малолетници во ПС Карпош без присуство и надзор од нивните родители за кој Проектот даде и јавна осуда на оваа полициска постапка.

Во насока на заштита на правата на малолетните лица при постапувањето на полицијата, здруженијата на граѓани кои го имплементираат Проектот организираа средби за едукација на средношколци и студенти во младинскиот клуб во Влае, пред студентите на ФОН во Струга, како и пред студентите на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

Како и во претходните извештаи на ППЧП и оваа година поголем е бројот на мажи-жртви на полициска злоупотреба, односно од евидентираните жртви има 31 маж и 7 жени.
Во 2007 година регистрирани се 50 мажи и 7 жени, а во 2006 година 69 мажи и 6 жени.

## *Заклучоци* :

• Бројот евидентирани случаи за 2008 е 37 што претставува намалување во однос на евидентирани случаи во 2007 за 16%.
• На ниво на цела држава пријавени се 38 жртви, од кои 31 маж и 7 жени.
• За разлика од 2007 година, во оваа година се забележува тренд на зголемување на полициска злоупотреба над малолетни лица.
• Најчести жртви се Македонците со 61%, но се уште ранлива категорија се и Ромите со 18% и Албанците со 21% застапеност на полициска злоупотреба.
• Се уште постојат случаи каде граѓаните не сакаат да преземат постапка против ОСЛ поради страв и недоверба во јавните институции.

• Вкупниот број активни случаи од почетокот на Проектот (2004-2008) укажува на институционална неефикасност во справувањето со полициска злоупотреба и тортура.
• Иако се намалува бројот на жртви на полициска злоупотреба овој феномен се уште постои и е регистриран и во 2008 година.

## Препораки :

• Да се даде јасен сигнал од страна на владините институции за нулта толеранција на полициска злоупотреба.
• Да се подигне свеста кај ромската популација за пријавување на полициска злоупотреба, како и за засилување на довербата во институциите на РМ за задоволување на правдата и за казнување на полициска тортура и прекумерна употреба на сила.
• Да се преземат ригорозни мерки за санкционирање на полициска злоупотреба врз малолетни лица.

# 4. Телесните повреди најчести

Од 37 евидентирани случаи во 2008, 14 случаи евидентираат нанесување телесни повреди, 5 малтретирања во вршење на службена должност, 2 злоупотреба на службените овластувања, 6 случаи на грубо и на недолично однесување, 4 случаи на фалсификување на службена исправа, 4 случаи на непостапување, 1 случај на незаконско и непрофесионално постапување и 1 случај на повреда на честа и на достоинството.




Од вкупниот број регистрирани случаи на полициска злоупотреба најголем број се однесуваат на нанесување на телесни повреди или поточно 14 телесни повреди.

Во Кодексот на полициска етика се наведува дека ќе биде употребена сила само кога е нужно тоа во согласност со околностите на случајот и тоа во мера која го бара вршењето на должноста. Потребно е да се обрне внимание на принципот на пропорционалност во поглед на применетата сила со злото кое сака да се отстрани со неа. Притоа не смее да се дозволи да се употреби сила која е непропорционална со легитимните цели што треба да се постигнат.

Од графиконот може да се заклучи дека кај нас се уште најголем дел од полициската злоупотреба е поврзан со примена на сила која е најчесто прекумерна и доведува до нанесување телесни повреди. Наедно во 13% од случаите е регистрирано и малтретирање при вршење на службата и во 16% од случаите е регистрирано грубо и недолично однесување.

### *Случај 1 – телесна повреда*

*Кај случаите TE 042, TE 043 и TE 044 била применета сила и биле нанесени повреди од страна на ОСЛ. Повредите настанале при полициска акција која била преземена во момент кога жртвите спиеле, а во текот на акцијата биле малтретирани и им биле нанесени телесни повреди.*

Видови на повреди

| | Североисточна Македонија (Арка Куманово) | Скопје и Велес (Коалиција) | Југоисточна Македонија (Избор Струмица) | Северозападна Македонија (ЦДР Тетово) | Југозападна Македонија (ЦГИ Прилеп) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Телесна повреда | 2 | 3 | 4 | 4 | 1 | 14 |
| Малтретирање | | | | | 5 | 5 |
| Злоупотреба на службена должност | | | 1 | | 1 | 2 |
| Грубо и недолично однесување | 3 | | 1 | 2 | | 6 |
| Непостапување | | | 1 | 1 | 2 | 4 |
| Фалсификување на службена исправа | 1 | 2 | | | 1 | 4 |
| Незаконско и непрофесионално постапување | | 1 | | | | 1 |
| Повреда на честа и на достоинството | | | 1 | | | 1 |
| ВКУПНО | 6 | 6 | 8 | 7 | 10 | 37 |

Доколку направиме анализа по региони, во тој случај ќе заклучиме дека најмногу телесните повреди настануваат во регионите на југоисточна и во северозападна Македонија, додека пак малтретирањата во вршење на службата најмногу се појавуваат во регионот на југозападна Македонија.
Во делот на телесните повреди може да се констатира дека повредите настануваат при полициска интервенција и за време на задржување во ПС.

### *Случај 2 - телесна повреда*

*Карактеристичен е случајот СР035 каде било тепано лицето од две униформирани полициски лица на улица , а потоа одведено во ПС од каде веднаш било упатено на лекарски преглед. При прегледот биле констатирани телесни повреди.*

*За овој случај беше поднесена претставка до СВКПС како и кривична пријава до ЈО, но одговорот на СВКПС е "неоснованост за приведување без основа и немање доволно докази за да се потврдат или да се отфрлат сомневањата за нанесени телесни повреди од посочените полициски службеници", додека пак ЈО ја отфрли кривичната пријава поради немање основа. Жртвата се повлече без да го искористи правото на супсидијарно гонење со став дека на полицијата ништо никој не и може.*

Меѓународните стандарди ја ограничуваат употребата на сила од страна на лица одговорни за спроведување на законот. Сила може да се употреби само доколку е тоа неопходно и е во најмала можна мера во зависност од околностите.[19]

И во извештајот на комесарот за човекови права, Томас Хамарберг се наведува дека и покрај подобрувањето во сферата на полицијата, сепак се уште постои полициско насилство [20].

Лицата кои се лишени од слобода имаат право со нив да се постапува хумано и тоа е загарантирано со меѓународни документи. Тоа е утврдено и во член 10 на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права[21].

Во 2008 година се појавуваат и случаи на повреда на честа и на угледот, како и злоупотреба на службената должност со која се крши правото на презумпција на невиност преку медиумско прикажување на т.н. спектакуларни апсења.

### *Случај 3 – повреда на достоинство*

*Случајот СР040 се однесува на повреда на достоинството на личноста, на лице кое има издржано казна затвор од 2 години поради кривично дело за недозволена трговија, односно пуштање во промет на опојни droги. Постапувањето на полицијата покажува дека ова лице иако ја одлежало својата казна, тоа и понатаму е на постојани проверки од страна на полицијата, а тоа го чувствува како психичка тортура, малтретирање и повреда на неговите основни права[22].Неколку пати е приведувано од улица и претресувано во полициска станица во Струмица. При последното приведување*

---

[19] Fair trials manual - Amnesty International 1998, издавач Фонд за хуманитарно право.
[20] Извештај на комесарот за човекови права Томас Хамарберг од неговата посета во РМ во период 25-29 февруари 2008.
[21] ICCPR усвоен на Генералното собрание на ООН 1966.
[22] Понижувачки постапувања се оние кои кај жртвите предизвикуваат чувства на страв, болка и инфериорност, кои може да ги понижат и да ги повредат. Исто така тоа е опишано и дека вклучува постапување што ќе ја доведе до кршење на физичкиот или моралниот отпор на жртвата или ќе ја натера жртвата да реагира спротивно на својата волја или на совеста,- случај Ирска против Обединетото кралство, стр.666, од ЕСЧП , наведено во Прирачникот : Забрана за тортура – Водич за имплементација на член 3 од ЕКЧП – Aisling Reidy.

*било соблечено голо и навредувано од страна на униформирани лица во полициската станица. Иако му било укажано дека има право на адвокат, не сакале да му одговорат поради која причина се приведува. За овој случај жртвата смета дека и е повредена честа и достоинството, а наедно се жали и на грубото и недолично однесување на ОСЛ во Струмица.*

Во Законот за полицијата, член 43 се утврдува кога едно лице може да биде повикано во полициска станица, заради собирање полициски известувања неопходни за извршување на полициските работи. Повикувањето се врши со писмена покана, а присилно може да се доведе само со судска наредба каде лицето задолжително треба да биде известено за причините за повикување во согласност со член 34 од Законот за полиција.

Во овој Закон член 45 се дозволува и усно повикување, но полицискиот службеник е должен да му ги соопшти на лицето причините за повикување.
Во случајот СР040 нејасно е кое полициско овластување е применето, т.е. дали се работи за повикување или за приведување. Уште пориго-розен е законот доколку станува збор за приведување бидејќи во тој случај потребна е писмена наредба издадена од надлежен суд која треба да му се предаде на лицето кое се приведува. Приведувањето во согласност со законот може да се изврши и без писмена наредба во случај да е потребно утврдување на идентитетот на лицето, ако е распишана потерница, ако е затекнато во извршување на кривично дело кое се гони по службена должност или е затекнато во извршување на прекршок со елементи на насилство.[23] Според ова може да се заклучи дека иако лицето СР040 било известено за правото на адвокат не му била кажана причината за неговото повикување/приведување со што е повреден Законот за полиција.

## *4.1 Дали има тортура кај нас ?!?*

Проектот во 2008 година регистрираше 10 случаи кои во себе имаат елементи на тортура. Според Конвенцијата против тортура на ООН од 1987 година може да се извлече дека постојат три основни елементи што претставува тортура[24] :

1) Нанесување остра ментална или физичка болка или страдање.
2) Намерно или промислено нанесување болка.
3) Следење определена цел, како што е добивање информации, казнување или заплашување.

[23] Закон за полиција,2006, Службен весник бр.114/2006.
[24] Забрана за тортура , Прирачник за човекови права бр.6 – Aisling Reidy.

Овие дела со елементи на тортура се заведени во делот на повреди на ППЧП – нанесување телесни повреди. Според регионалната поделеност најмногу случаи се регистрирани во југоисточна Македонија (40%), северозападна Македонија (30%) во Скопје и во Велес (20%) и југозападна Македонија (10%).
Од вкупниот број регистрирани случаи (37) со елементи на тортура се заведени 27%.




## *Случај 4 - тортура*

*Жртва на тортура е случајот СК070 –лице кое е роднина на друго лице за кое Алфите трагале. Алфите го ставиле лицето СК070 во своето службено возило и го тепале со тупаници во пределот на главата, слабините и градите. Потоа го оставиле на паркингот на ПС Бутел каде продолжиле со тепање и барале да каже каде се наоѓа неговиот роднина. Пред ПС Бутел на 4 претставници од специјалните единици Алфи им се придружиле уште 2 полициски службеници и заедно го терале да ги дигне рацете и притоа го удирале по бубрезите. Кога го внеле во ПС при подготвувањето на записникот Алфите изјавиле дека употребиле сила оти биле нападнати од конкретното лице. По поднесена претставка до народниот правобранител доставено е барање за утврдување на кривична одговорност пред Јавно обвинителство.*

## *Случај 5 - тортура*

*Во согласност со елементите на тортура е заведен и СК073 каде жртвата е тепана од страна на висок полициски службеник и за кој Секторот за внатрешна контрола поднел и Посебен извештај до Основното јавно обвинителство во Ресен. Настанот се случил во Полициската станица Ресен каде било тепано лицето. На почетокот барале да каже дали познава определено лице, при што му било повторувано да не лаже или во спротивно ќе биде тепано. Потоа почнале да го удираат со тупаници во пределот на главата. Жртвата паднала во бессознание и од тепањето добила скршеница на носната коска и крвни подливи во пределот на лицето.*

*Случај 6 - тортура*

*На спортски натпревар во Кавадарци регистрирани се жртви на тортура. Жртвите биле навивачи од Струмица кои биле брутално претепани од страна на полицијата. Тепањето било во помошната сала каде се одржувал натпреварот и тоа со гумени палки по рацете, нозете и грбот. Подоцна биле ставени во плакари во ПС Кавадарци со лисици на рацете. Лицата побарале адвокат, како и да ги известат семејствата, но не им било дозволено. По еден час биле ослободени и пуштени од ПС Кавадарци.*

И во Извештајот на КПТ од 2007 година се посочуваат малтретирања со клоци, удари со тупаници, со пендреци и други предмети во текот на испрашувањата со цел добивање признание, информација или како мерка за казнување.
Определени наводни обвинувања се однесувале на употреба на прекумерна сила при апсење од страна на органите за спроведување на законот.[25] И во Извештајот на КПТ за 2008 година се наведуваат слични забелешки ,т.е. злоупотреба од страна на службеници одговорни за спроведување на законот.

Во Конвенцијата против тортура или против други свирепи, нехумани или понижувачки постапки или казни, не само што се дефинираат поимите туку се предвидуваат строги обврски за државите во поглед на почитувањето на ова право преку преземање ефикасни законски, административни и други правни мерки заради спречување на мачењето.[26]

Можеби најзначаен документ кој го имаат донесено Обединетите нации е Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура или други свирепи, нехумани или понижувачки постапки или казни.
Во Анализата за Факултативниот протокол се наведува дека тој се заснова на два столба од кој едниот е етаблирање на систем на превенција во наведените случаи наместо реакција и вториот столб се однесува на соработката на државите-членки во превенција и елиминирање на случаите на мачење. Со Факултативниот протокол се формира Поткомитет за превенција од мачење и кој има овластување да врши посети на местата на задржување.

Во Факултативниот протокол е опфатено и креирање на национален механизам за превенција, а во тој поглед се остава самите држави да одлучат дали ќе формираат ново тело или ќе ги користат постојните механизми за заштита на правата на државата (народен правобра-

---

[25] Извештај на КПТ за 2007 година. Види повеќе на: http://www.cpt.coe.int/en/states/mkd.htm

[26] Анализа на Факултативниот протокол кон конвенцијата на ООН против мачење или други свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки, Анализа на меѓународни стандарди, домашното законодавство, механизми, институции и практика, д-р Звонимир Јанкуловски, д-р Владо Камбовски, д-р Трпе Стојановски, д-р Гордан Калајџиев и други.

нител, комисии, граѓански организации) или да ги комбинираат постојните со нови.

Република Македонија на крајот од 2008 година го ратификуваше Факултативниот протокол, но е оставено во наредниот период да се утврди механизмот за превенција, при што дадена е изјава тој да биде воден од страна на народниот правобранител во соработка со здруженијата на граѓани.

## *4.2 Спектакуларни апсења – дали се тие доказ за ефикасноста на органите за спроведување на законот ?*

Како и во 2007 година и оваа година постоеше тенденција на "спектакуларни апсења" пренесувани во медиумите, со цел да се покаже ефикасноста на полицијата во соочувањето со организираниот криминал и со корупцијата.

Се снимаа и медиумски се прикажуваа приведувања со лисици на рацете, доведувања на приведените граѓани пред истражен судија на главниот влез на судот, одведување на лицето во притвор, како и давање на изјави на високи функционери на МВР при поднесувањето на кривичните пријави со констатации дека полицијата располага со несоборливи докази.

Во согласност со ЕКЧП, Уставот на РМ и ЗКП полицијата е обврзана да го почитува принципот на презумпција на невиност. Она што можеби беше најзагрижувачко е што за едно лице беа дадени информации во медиумите под изговор дека МВР сака да биде транспарентно и да ја запознае јавноста за криминалот што е сторен од наведеното лице.
Иако кривичната пријава беше со иницијали за името и презимето, очигледно беше за кого станува збор со наведување на работното место, на фирмите со кои соработувало, како и со лицата кои учествувале во конкретните активности.

Во Правилникот за вршење на работите на МВР,член 30, став 2 се вели дека "Приведените и задржаните лица не треба да се изложуваат на јавна љубопитност, односно за нив не може да се даваат информации освен на државните органи, надлежни за водење на натамошната постапка".

Она што загрижува наедно е што ни една релевантна институција не реагираше на објавувањето на кривичната пријава, пред се, поради повредата на правото на презумпција на невиност на конкретната личност. Исто така недостасуваше реакција од страна на Државната комисија за спречување на корупција за да испита од кои средства и дали од буџетот на РМ се покриваат овие информации кои во печатените и електронските медиуми одеа како платена реклама.

Во 2008 година ППЧП регистрираше четири случаи на “спектакуларни апсења” и повреда на правото на презумпција на невиност. Бидејќи овие случаи веќе беа и медиумски експонирани ќе дадеме само кратка информација за некои од случаите кои беа регистрирани без наведување на нивните имиња и презимиња.
Повреда на презумпција на невиност се утврди во случаите на приведување на градоначалникот на Општина Аеродром, градоначалникот на Општина Струмица, поранешен директор на едно скопско јавно претпријатие и наставник во гимназијата Зефљуш Марку во Скопје.

Најмногу загрижува што кај сите овие лица се користеа лисици иако Законот за полиција јасно и експлицитно укажува кога се применуваат средства за врзување на лица и тоа заради спречување на отпор на лица или одбивање на напад насочен кон полицискиот службеник, спречување на бегство и оневозможување самоповредување или повреда на други лица.[27]

Приведувањето на наставникот од гимназијата Зефљуш Марку пред очите на самите ученици доведе до повреда на правото на приватност и правото на достоинство и интегритет на личноста.
Правото на презумпција на невиност, што значи дека секој се смета за невин се додека неговата вина не се докаже во законски утврдена постапка, не се однесува само на постапувањето за време на судењето и оцената на доказите туку и во самиот третман пред судењето. Заедно со правото на презумпција на невиност е судиите и поротниците да не заземаат однапред став за некој случај. И сите други официјални органи треба да постапуваат така, односно и обвинителството и полицијата не треба да даваат изјави за вината или за невиноста на обвинетото лице до крајниот исход на судењето.[28]

### *Случај 7- спектакуларно апсење*

*Случајот СР 039 е заведен како случај на повреда на правото на презумпција на невиноста преку спектакуларно апсење, а за истиот случај МВР ја објави и јавно кривичната пријава во повеќе печатени и електронски медиуми. Во моментот на приведување кај регионалниот пат Радовиш, покрај полицијата пристигнале и голем број новинари со камери. Лицето било известено дека има судско решение за да се однесе кај истражен судија, но не му било дозволено да го прочита. Иако жртвата изјавила дека нема да дава отпор, сепак ѝ биле ставени лисици на рацете и тоа било снимано со камери од присутните медиуми. Покрај повредата на презумпција на невиност лицето е заведено и како жртва на полициска злоупотреба бидејќи не било запознаено за кое кривично дело се апси, како и повредено му било правото да го запознае своето семејство за*

[27] Закон за полиција, член 85, Службен весник бр.114/2006.
[28] Fair trials manual – Amnesty International 1998.

*приведувањето. Наедно според изјавата на жртвата со оваа постапка на полицијата се повредил и Правилникот за вршење на работите на МВР во делот на почитување на достоинството на личноста.*

Едно од централните прашања кое се поставува е како да се заштитат лицата на кои им е повредено правото на презумпција на невиност од страна на државните органи преку директни информации кои ги доставуваат до националните медиуми.

## *Заклучоци :*

• Најчести форми на полициска злоупотреба се прекумерна употреба на сила и нанесување телесни повреди што за оваа година изнесува 38% од вкупниот број регистрирани случаи на жртви на полициската злоупотреба. Иако постојат и други механизми, најчесто полицијата ја применува силата, а тоа е констатирано и во меѓународните извештаи со нагласок дека полициското насилство се уште постои.
• Забележително е непочитувањето на Кодексот на полициската етика за пропорционалност на употребата на сила за злото кое сака да се отстрани со негова примена.
• И оваа година се посочува на малтретирање во вршење на службата (13% ) и грубо и недолично однесување (16%).
• Оваа година за разлика од 2007 се појавуваат случаи во кои граѓаните се жалат на повреда на моралниот и на физичкиот интегритет од страна на полицијата.
• Иако е потенцирано во меѓународните извештаи подобрување на процедурите, сепак се регистрирани случаи на неинформирање на лицата лишени од слобода за правата кои ги имаат и не им било дозволено да го известат семејството, да бидат запознаени со причините за приведувањето, како и да повикаат адвокат.
• Во 2008 година регистрирани се 10 случаи на тортура од полициски службеници заради обезбедување информации или признанија.
• Загрижувачка е тенденцијата на спектакуларни апсења со кои се повредува правото на приватност и правото на презумпција на невиност.
• Иако беа јавно осудени спектакуларните апсења и повредата на презумпција на невиност од страна на експертите и граѓанскиот сектор, немаше реакција ниту преземена мерка од страна на државните институции.

## *ПРЕПОРАКИ :*

• Да се почитуваат меѓународните документи за заштита на човековите права со посебен акцент на препораките од КПТ со кои се бара нулта толеранција за малтретирање од страна на органи надлежни за спроведување на законот.
• Да се креира јасна дефиниција што значи употреба на сила во случаи на приведување или на гонење на осомничени лица.

• Да се воспостави надворешен механизам за надзор над органите за спроведување на законот за сторени дела од областа на тортура и на малтретирање.
• Да се почитуваат принципите на ООН за ефикасно истражување и документирање на тортура и на други свирепи, нехумани или понижувачки постапки или казни.
• Државата да забрани во законодавството и во практиката прифаќање и користење на кој било доказ добиен како резултат на тортура или на малтретирање во согласност со член 15 од Конвенцијата против тортура.
• Распитите да се снимаат (аудио или видео) со што ќе се спречат можните шпекулации дека изјавите се дадени под присилба или пак дека лицето било жртва на малтретирање или тортура.[29]
• Целосно да се почитуваат правата на лицата кои се осомничени за сторено кривично дело со што ќе се оствари принципот на фер и правично судење, а пред се почитување на процедурите во делот на правото да биде запознаен за причините на приведување, правото на адвокат, правото да се извести семејството и право да се добие медицинска нега доколку е тоа потребно.
• Во делот на примена на полициски овластувања во согласност со Правилникот за начинот на вршење на полициски работи, максимално да се почитува начинот на задржување. Тој треба да се остварува во посебно уредени простории на полициските станици во кои се исполнети нормативите и стандардите за краткотрајно и безбедно сместување на лица задржани од страна на полициски службеник. Наедно почитување на правото за повик на бранител, како и врачување на записник по прекинувањето на задржувањето.
• Да се почитуваат правилата за врзување на рацете на лице кое дава отпор, а во други случаи да не се злоупотребува примената на врзување на рацете со лисици.
• Воведување на казнени одредби доколку се прекрши член 221 од Правилникот за начин на вршење на полициски работи кој вели дека во односите со јавноста се информира и за сторени кривични дела по вид и начин на извршување, при што не се наведува идентитетот на сторителите, заради заштита на нивните лични податоци , како и заради целите и интересите на постапката и се води грижа за почитувањето на угледот и честа на жртвите.
• Да се спроведува континуирана едукација на сите полициски службеници.[30]

---

[29] Препорака за стандарди на полицијата од КПТ –Совет на Европа.
Во Законот за полиција член 65 се дозволува снимање на јавни места каде зачестено се вршат кривични дела или прекршоци со цел нивно спречување.
[30] Континуирана едукација за полициските службеници е предвидена во Стратешкиот документ на полицијата 2008-2010.

## *4.3 Невозможна мисија - како да се идентификува полициски службеник*

Од регистрираните 37 случаи во 2008 се посочија повеќе категории на полициски службеници од кои граѓаните се жалеле на полициското постапување . [31]

**2008 година**




Според наведените графикони може да се забележи дека најголем дел од повредите се направени од страна на униформирани полициски службеници. Тоа е забележително, како за 2008 година, така и за претходните години.

**Категорија на полициски службеници по години**



| | Униформирани | Неуниформирани | Командири на ПС | Инспектори | Алфи | Специјални единици | Собраќејна полиција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 38 | | 2 | 16 | 6 | | |
| 2007 | 30 | | 4 | 6 | 10 | | 2 |
| 2008 | 19 | 8 | 1 | 14 | 1 | 3 | 3 |

Но, она што се јавува за првпат во категоријата на полициските службеници се т.н. неуниформирани ОСЛ кои во 2008 година од вкупната бројка се 8 или 16%.

[31] Во наведените случаи се појавуваат повеќе категории полициски службеници.

Оваа година се појавуваа жртви кои не можеа да ги идентификуваат јасно полициските службеници, од причина што немале тие видлив знак на себе од која единица доаѓаат ниту пак се идентификувале пред граѓаните на кои им биле повредени правата.
И оваа година, како и во претходните, инспекторите се јавуваат како едни од позастапените категории што ги повредуваат правата на граѓаните во полициската постапка.

Во 2007 година во 51 случај инволвирани се 52 полициски службеници, додека оваа година во 37 случаи инволвирани се 49 полициски службеници. Тоа доведува до констатација дека оваа година повредите се вршат од страна на повеќе ОСЛ врз едно лице. Но, и покрај поголемиот број инволвирани полициски службеници тешко се докажува полициска злоупотреба што доведува пак до сомневање за колегијалност и меѓусебна заштита при спроведувањето на истрага.

## *Заклучоци :*

• Процентуално за 2008 години имаме најмногу поплаки за униформирани полициски службеници и тоа 39 %, потоа инспектори 29% , неуниформирани 16% , а позитивно се намалува бројот на поплаки за командири на полициски станици, сообраќајна полиција и посебната мобилна единица Алфи.
• Забележително е зголемувањето на бројот на полициските службеници кои извршиле повреда врз едно лице или 49 полициски службеници се посочени во 37 регистрирани случаи.
• Оваа година се јавуваат поплаки на неуниформирани лица кои жртвите не може да ги идентификуваат точно во која категорија спаѓаат и најчесто ги нарекуваат мобилни полициски патроли.

## *ПРЕПОРАКИ :*

• Да се воведат редовни и континуирани обуки за полициските службеници во делот на почитување на човековите права и примена на сила.
• Да се зголемат казните за полициските службеници кои извршиле полициска злоупотреба со што ќе се покаже подготвеност дека полицијата има нулта толеранција за полициската злоупотреба и за прекумерното користење на сила[32], а на тој начин ќе влијае и врз полициското постапување во иднина.
• Да се измени казнената политика и секоја повреда сторена од полициски службеник да се гони по службена должност

[32] Во согласност со овластувањата кои ги има полицијата, член 28 од Закон за полиција, како и член 32 кој вели : Во извршувањето на полициските овластувања полицискиот службеник е должен да постапува хумано и да ги почитува достоинството, угледот и честа на лицата како и основните слободи и права на човекот и граѓанин. Според КПТ истрагата без разлика колку е ефективна и објективна ќе биде бескорисна доколку се изречени неадекватни санкции против несоодветно постапување на полициските службеници.

# 5. ИМА ЛИ ИЗЛЕЗ ОД ТУНЕЛОТ???
## каква е контролата врз полицијата

Контролата врз работењето на полицијата се врши институционално и вонинституционално.
Институционалната контрола се дели на внатрешна, во која е вклучен Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, како и министерот за внатрешни работи и надворешна во која се вклучени народниот правобранител, Јавното обвинителство, судовите и Собранието на РМ.
Вонинституционалната контрола се врши од страна на граѓанскиот сектор преку интензивниот мониторинг на работењето на полицијата во сферата на човековите права.

Внатрешната контрола на полицијата се одвива на две нивоа. Првото ниво е контрола која се врши од страна на секој раководител на организациона единица кој поднесува иницијатива за дисциплинска постапка до раководителот на Секторот за внатрешни работи. Второто ниво на контрола на полицијата го врши Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.[33]

Врз основа на случувањата во изминатите години на полето на човековите права и полицијата, извештаите од меѓународната заедница упатуваат на формирање на посебно независно тело за контрола на работењето на полицијата. Препораките кои ги дава Комесарот за човекови права, Томас Хамарберг, во делот примена на законот укажуваат на реформирање на системот за истрага на полициското лошо постапување со земање предвид на советите и предлозите од работната група за надворешен надзор на институциите задолжени за примена на законот.[34]

---

[33] Наведено во: Надворешен надзор на органите за спроведување на законот -Анализа на меѓународните стандарди, домашното законодавство, механизми, исntитуции и практика – експертска работна група поддржана од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.
[34] Извештај на комесарот за човекови права ,Томас Хамарберг од неговата посета на Република Македонија во периодот од 25 до 29 февруари 2008.

## *5.1 Поднесени претставки до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди*

Право на претставка до полицијата има секое лице кое е жртва на полициска злоупотреба или смета дека неговите права се повредени при преземањето на полициските овластувања.[35]
Полицијата е должна да изврши проверка по наводите во претставката и во рок од 30 дена од денот на приемот на претставката, во писмена форма, да го извести подносителот за преземените мерки.
Претставките ги разгледува Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР.
Во 2008 година во рамките на Проектот за поддршка на човековите права беа подготвени и поднесени 31 претставка до СВКПС за евидентираните 37 случаи.

| Поднесени претставки до СВКПС од 1.11.2007 до 1.11.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно случаи | Поднесени | Неподнесени |
| Североисточна Македонија (Арка Куманово) | 6 | 6 | |
| Скопје и Велес (Коалиција) | 6 | 4 | 2 |
| Југоисточна Македонија (Избор Струмица) | 8 | 6 | 2 |
| Северозападна Македонија (ЦДР Тетово) | 7 | 7 | |
| Југозападна Македонија (ЦГИ Прилеп) | 10 | 8 | 2 |
| **Вкупно** | 37 | 31 | 6 |

Во извештајот на работата на СВКПС за деветте месеци во 2008 година стои дека СВКПС презел мерки за испитување на 849 случаи на пречекорување на овластувањата и злоупотреба на службената положба на ОСЛ, што претставува зголемување на бројот од испитани случаи за 25,6% во однос на истиот период минатата година.[36]

Во согласност со тоа што Проектот во своето годишно известување го опфаќа периодот од 1.11.2007 до 1.11.2008, направена е споредба на поднесени претставки за период од 1.01.2008 до 31.09.2008 за да се провери Извештајот на СВКПС за првите девет месеци од оваа година.

---

[35] Закон за полиција, член 8, 2006 година , Службен весник бр.114/2006.
[36] Активности за работата на СВКПС во девете месеци од 2008 година,
http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=6107mid=970tabId=130tabindex=0

| Претставки во период 1.01.2008 до 31.09.2008 | | |
|---|---|---|
| | Информација на ППЧП | Информација на СВКПС |
| Североисточна Македонија (Арка Куманово) | 6 | 4 |
| Скопје и Велес (Коалиција) | 3 | 2 |
| Југоисточна Македонија (Избор Струмица) | 5 | 2 |
| Северозападна Македонија (ЦДР Тетово) | 5 | 5 |
| Југозападна Македонија (ЦГИ Прилеп) | 6 | 6 |

Во извештајот на СВКПС за деветте месеци од 2008 година има мали несовпаѓања во делот на поднесени претставки од страна на организациите имплементатори на Проектот за поддршка на човекови права.

Затоа сметаме дека е потребна поголема ажурност во работењето на СВКПС посебно во евидентирањето на поднесени претставки кои се објавуваат јавно на официјалната интернет страница на Министерството за внатрешни работи.

## *5.2 Неоснованоста како најчест одговор на поплаките на граѓаните*

Проектот во 2008 година за 31 поднесена претставка доби 29 одговори од СВКПС, а нема одговор за две поднесени претставки во регионот на северозападна Македонија (Тетово- Гостивар- Дебар).
Тргнувајќи од Правилникот на СВКПС при МВР овој орган постапува врз основа на податоци, информации и сознанија до кои доаѓа самоиницијативно, по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на полицијата и МВР, врз основа на претставки кои се однесуваат на незаконито и на непрофесионално работење на работниците и по наредба на министерот за внатрешни работи. Во согласност со овој правилник постои можност и за анонимни претставки, но се наведува дека се постапува по нив само доколку содржат проверливи податоци за сторено кривично дело од полициски работник, коруптивно однесување на работник или за сериозно кршење на човековите слободи и права од страна на работникот.

Во согласност со евиденцијата на Проектот за 2008 може да се констатира значително подобрување на работењето на СВКПС во делот на доставување на одговор по поднесените претставки од страна на евентуалните жртви.

За жал мора да потсетиме дека се уште има претставки кои се поднесени во 2007 година, а за кои немаме добиено одговор. Таков е случајот со 9 поднесени претставки од регионот на северозападна Македонија.

Во рамките на Проектот од 29 добиени одговори од СВКПС , во 5 се наведува дека се основани, во 22 се наведува дека се неосновани, во 1 делумно основана и во 1 случај каде СВКПС смета дека нема докази.

Во најголем дел од одговорите каде СВКПС утврдил дека претставките се неосновани, жртвите не беа поучени како и каде да ја продолжат постапката. Она што е констатирано и во претходните извештаи на Проектот е недостаток на правна поука, како и второстепено постапување во однос на поднесената жалба.[37]

## Одговор на поднесените претставки




Во анализата која ја направи експертската група поддржана од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, е констатирано дека досегашните искуства покажуваат зависност на Јавното обвинителство од МВР при собирањето податоци, а кај случаите со полициска злоупотреба посочува дека МВР, односно СВКПС не покажува доволно волја ваквите случаи да се истражат темелно и ефективно.[38]

Жртвите кои се регистрирани во Проектот по добивањето на негативен одговор најчесто се обесхрабуваат да ја продолжат постапката, но има случаи во кои народниот правобранител поднел барање за утврдување на кривична одговорност до Основното јавно обвинителство со процена дека сепак постои пречекорување на полициските овластувања.

Наедно во определени одговори постојат и контрадикторности во наведените информации по спроведена истрага од страна на СВКПС.

[37] Годишен извештај на ППЧП за 2007,www.hrsp.org.mk

[38] Види фуснота бр. 33.

*Случај 8 – контрадикторни информации во доставениот одговор*
*Во одговорот за СК070 за кој е утврдено дека не може да се потврдат наводите за незаконито постапување на полициските службеници од Посебната мобилна единица на полицијата за борба против криминал, испратен на ден 3.10. 2008 по претходно поднесено барање за известување, е констатирано дека на датум 5.01.2008, во 21.30 часот полициските службеници од Посебната мобилна единица, вршејќи ја службената должност го забележале лицето НН.*

*Подолу во одговорот е дадено дека врз основ на Увид во регистар на дневни настани во ПС Чаир може да се види дека лицето НН е приведено во 21.00 на ден 5.01.2008, и ослободено истиот ден во 23.00 часот.[39]*

*Забележителна е контрадикторноста во часот кога започнала акцијата и часот на приведувањето на лицето, при што од овој одговор може да се заклучи дека лицето било уапсено пред да започне акцијата, а тоа следувало подоцна.*

За разлика од минатата година кога главната забелешка се однесуваше на доставувањето на одговор без образложение, оваа година може да се забележи подобрувања, со тоа што во самиот одговор на поднесената претставка се дава целосна информација за спроведената истрага, како и заклучоци донесени по однос на неа.

*Случај 9 – информација за две претставки во еден одговор*
*Единствено во Скопскиот регион ни беше доставен одговор кој во себе содржи информации за два случаи. Се даваат детални информации за спроведената истрага за случај СК070 и кратка информација за случај СК073. Иако е наведено дека е поднесен Посебен извештај до ОЈО Ресен, сепак, недостасува што е констатирано, дали претставката е основана и која дисциплинска мерка е изречена на ОСЛ при МВР.*

Овој начин на известување загрижува од две причини. Прво секоја жртва сака да биде запознаена со одговорот по поднесена претставка, а во вториот случај нема образложение и преземени мерки. Второ што при групно информирање жртвата добива и информации за друг настан и друго лице.
Ваквото доставување на групни одговори доведува до сомнеж за независна истрага, токму од фактот што за првиот случај има образложение и преземени мерки, а во вториот случај само кратка реченица за доставен извештај до Основното јавно обвинителство.

[39] Поради заштита на личните податоци отстранети се информациите со кои се идентификува жртвата.

## 5.3 Изминато време од поднесената претставка до доставувањето на одговор од СВКПС

Иако се утврдува во Правилникот на СВКПС дека Секторот треба постапувањето по конкретна претставка да го заврши најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на претставката, во 2008 година Секторот најчесто го пробиваше рокот и се одговараше подоцна. Пролонгирањето на рокот е предвидено и дозволено со Правилникот на СВКПС и тоа во рок од 3 до 6 месеци со одобрение од страна на министерот, но наедно странката треба да биде известена за одлуката за пролонгирање, како и за прогресот на постапката.

Времетраење за добивање одговор 2008




Според овој графикон може да се заклучи дека Секторот за внатрешна контрола најчесто ја продолжува истрагата повеќе од 30 дена, но во поголемиот број случаи е забележан рокот од 90 дена кој го дозволува Правилникот за вршење на работите на СВКПС на МВР.

Оваа можност за продолжување на рокот е дискутабилна од причина што во Колективниот договор на МВР, член 139, став 3 се вели дека Решение за откажување на работниот однос на работникот министерот е должен да донесе во рок од 3 месеца од денот на пријавувањето на повредата на работната дисциплина, работниот ред, неисполнувањето на обврските и поради неспособност на извршување на работните задачи и за сторителот, а најдоцна во рок од 6 месеца од денот кога е сторена повреда.

Нашето размислување оди во насока дали, во случаи кога Секторот ќе го продолжи рокот до 6 месеца за водење на постапка по поднесената претставка за која има наводи за сторено кривично дело, нема да го попречи МВР во преземањето на дисциплинска постапка и дисциплинска мерка за отказ во согласност со Колективниот договор на МВР.

Од статистиката на поднесените претставки може да се забележат пропусти во Скопскиот регион каде има еден одговор на претставка подолг од 6 месеца, што претставува повреда на Правилникот. Наедно за овој случај Проектот не доби писмено известување за прогресот на постапката и за причините за пролонгирање на рокот од 30 дена. Поради доцнењето Проектот побара и средба со претставниците на СВКПС со цел добивање на одговор по поднесената претставка.

Во 2008 година заклучно со 1.11.2008 доставени се само 3 известувања од страна на СВКПС за продолжување на постапката поради утврдување на дополнителни факти, па може да се констатира непочитување на Правилникот во делот на известување за прогресот на постапката во случај кога се продолжува таа подолго од 30 дена.

Доколку се направи споредба со 2007 година каде од вкупно поднесени 49 претставки во рамките на ППЧП за 21 беше доставен одговор во рок од 30 дена, може да се констатира дека оваа година има пролонгирање на доставувањето на одговорите во период до 90 дена.

## Одговори на претставки од 2004 - 2008




Во 2007 година во 36% кај доставувањето на одговорите е почитуван рокот од 30 дена предвиден во Законот за полиција, додека во 2008 година само во 3% е почитуван законскиот рок, односно за 2007 година во 61% од доставените одговори е пролонгиран рокот, а во 2008 во 96% од добиените одговори има пролонгирање на рокот.

Рокот се продолжува до 3 месеца во случаи кога наводите на претставката претставуваат основа за давање иницијатива за поведување на постапка за утврдување на кршење на работниот ред и дисциплина во согласност со Колективниот договор, а се продолжува за 6 месеца кога наводот во претставката се однесува на постапување на работник со кое е сторено кривично дело[40].

Она што загрижува е што во 76% од нашите случаи во кои рокот е продолжен до 3, односно до 6 месеца, на крајот е констатирана неоснованост на претставката од страна на СВКПС.

## 5.4 Санкционирање на одговорните полициски службеници

Во рамките на ППЧП од добиените одговори има 5 основани претставки и една делумно основана претставка.

### Изречени казни на полициски службеници за 2008




Како и во 2007, така и во 2008 година од одговорите на СВКПС не може да се заклучи која е изречената мерка на ОСЛ.
Затоа тешко може да се анализира што значи „преземени мерки" и да се оцени политиката на казнување од страна на МВР во случаи на полициска злоупотреба, а особено кога се јавува полициско насилство како и прекумерна употреба на сила.

Она што може да се забележи е дека во 2008 година од добиените одговори нема изречен отказ на полициските службеници, а во моментот постојат случаи кои се во истражна и судска постапка за нанесување на телесни повреди.

[40] Член 17, став 3 и став 4 од Правилникот за вршење на работите на СВКПС на МВР.

Забележителен е расчекор меѓу повредите на правата на граѓаните од страна на полициските службеници и изречените санкции што доведува до потреба од менување на Колективниот договор на МВР со воспоставување на построги казни.

И во Анализата за надворешен надзор на органите за спроведување на законот се назначува дека се "неопходни законски измени во делот на дисциплинската постапка, со поширок спектар на дисциплински мерки сообразени со тежината на престапот заради кој се покренува постапката."[41]

## Заклучоци:

- Во 76% од одговорите кои ги доставува СВКПС е констатирано дека се неосновани со што се отвора сомнеж за објективноста и за ефикасноста во спроведените истраги.
- Недостасува правна поука во одговорите на СВКПС, како и можноста за второстепено постапување по поднесената претставка.
- За разлика од 2007 година кога се почитуваше законскиот рок на доставување на одговор по поднесена претставка, оваа година најчесто се продолжува овој рок, а само во 3 случаи на продолжување на рокот е добиено известување за прогресот во постапувањето.[42]
- Во регионот на Скопје и на Велес констатирано е пролонгирање на рокот за одговор повеќе од 6 месеца што претставува повреда на правото.
- Во 2008 година СВКПС нема доволен број кадар кој може навремено и ефикасно да ги испита сите поднесени претставки.[43]
- Во добиените одговори во 57% нема наведено која дисциплинска мерка е изречена.
- Забележителен е расчекор меѓу повредите на правата на граѓаните од страна на полициските службеници и изречените санкции што доведува до потреба од менување на Колективниот договор на МВР со воспоставување на построги казни.

## ПРЕПОРАКИ:

- Да се изврши итно кадровско доекипирање на СВКПС со стручни и со компетентни лица кои ќе спроведат брза, навремена и ефикасна истрага по поднесените претставки за полициска злоупотреба.
- Да се воведе правен лек и можност за второстепено постапување од страна на независна комисија, во согласност со препораките на експертската група за надворешен надзор на органите за спроведување на законот.

[41] Види фуснота 33.
[42] Во случај на продолжување на постапката по поднесена претставка, во согласност со член 17, став 4 од Правилникот на СВКПС, потребно е подносителот да биде известен за прогресот во постапувањето.
[43] Во извештајот на СВКПС за деветте месеци од 2008 година бројот на претставките е зголемен за 25,6% во однос на истиот период од минатата година.

• Да се почитуваат законските решенија за навремен одговор на поднесени претставки од страна на граѓаните, како и информирање за прогресот на постапката кога таа се продолжува.
• Да се усогласи Правилникот на СВКПС со Законот за работни односи, како и со Колективниот договор кои предвидуваат изрекување на дисциплинска мерка во рок од 6 месеца од денот на поднесувањето на пријава за повреда од страна на работникот.

# 6. Светло на крајот од тунелот – кој ги заштитува жртвите од полициска злоупотреба

Институционална заштита на жртвите од полициската злоупотреба се спроведува од страна на Јавното обвинителство, народниот правобранител како и Собранието преку Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните, во согласност со законските овластувања кои ги имаат овие институции и тела.

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган, чија примарна задача е да ги гони сторителите на казнени дела.
Во согласност со Законот за јавно обвинителство, ЈО функциите ги врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува и ги заштитува човековите права и основни слободи и се грижи кривичноправниот систем да функционира ефикасно и навремено.
Во согласност со ЗКП основна должност на ЈО е да ги гони сторителите на кривични дела и тој е овластен тужител за дела за кои се гони по службена должност или по предлог на оштетениот.
Во Кривичниот законик се наведени кривични дела за кои се гони по службена должност или поточно постапува по оние кривични дела за кои во нив не е пропишано дека гонењето се презема по приватна тужба.

Народниот правобранител е институција која ги заштитува човековите слободи и права доколку се тие повредени од страна на државен орган.
Народниот правобранител има овластувања да врши посета без претходна најава и одобрение во местата каде лица се приведени, притворени или издржуваат казна затвор.
Граѓаните кои сметаат дека имаат повреда на своите права може да поднесат претставка до народниот правобранител. Доколку се утврди повреда НП може да покрене постапка за поведување на дисциплинска постапка против службено лице, како и да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за покренување на постапка заради утврдување на казнена одговорност.

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата претставува собраниска комисија која има функција да ги разгледува прашањата од сферата на заштитата на човековите права и слободи, да утврди дали постои нивна повреда, како и да поведе постапка за утврдување на одговорноста на носителите на јавните функции.
Оваа комисија не може да врши истражни ниту пак судски функции и политичкиот карактер ја ограничува да претставува независно тело кое ќе обезбеди ефикасна заштита на евентуалните жртви на полициска злоупотреба.

Но, иако постои законска рамка, многу често институционалната заштита е неефикасна и спора, особено во делот на соработката на ЈО со МВР.
Она што е наведено во Анализата за Надворешен надзор на органите за спроведување на законот подготвен од експертска група, е дека „досегашните искуства на ОЈО кои се однесуваат на прибирање на докази при постоење на основани сомневања дека се сторени вакви кривични дела, укажуваат дека соработката со МВР секогаш не е на задоволително ниво, затоа што на поднесените барања за потребни податоци и известувања не се одговарало целосно и во разумен рок, што придонесува за одолговлекување на постапката, како и за прикривање на употреба на сила од страна на овластените лица.[44]

За поздравување се предлозите за изменување на постојниот Закон за јавно обвинителство, како и ЗКП, подготвени од страна на Здружението на јавни обвинители врз претходно направената анализа за засилената улога на ЈО. Со овие измени се предвидува формирање на специјализирано одделение на ЈО кое ќе постапува за полициско насилство и за други кривични дела сторени од ОСЛ кои се гонат по службена должност.
Овој вид специјализирано одделение веќе постои во Словенија и се покажува како успешен механизам во соочувањето со полициската злоупотреба.

И јавните обвинители при ОЈО сметаат дека во моментот по поднесена кривична пријава против полициски службеник за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност се постапува на ист начин како и со сите други кривични пријави, т.е овие кривични пријави немаат приоритет и по нив се постапува тековно. Со измените кои се предлагаат, специјализираното одделение ќе биде надлежно единствено да постапува по кривични дела сторени од страна на полициските службеници при што треба да се истражат тие навремено и ефикасно.[45]

---

[44] Види фуснота 33.
[45] Конеференција на Здружение на јавни обвинители за Предлог-измени и дополнувања на ЗЈО и ЗКП , 11.11.2008, х. Арка, Скопје.

Ефикасната истрага се појави и како проблем на случаите Јашар, Сулејманов и Џеладинов за кои се донесоа пресуди во Европскиот Суд за човекови права.
Кај овие случаи судот во Стразбур констатирал повреда на член 3 од ЕКЧП со самото тоа што не била спроведена ефикасна истрага од страна на надлежните органи.[46]

Во последниот извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија се посочува дека ЈО треба да направи значителни заложби за да спроведе брза и независна истрага и гонење по наводите на деградирачко однесување на полициските службеници.

Наедно и несоработката меѓу народниот правобранител и МВР отвора проблем за постоење на ефикасен механизам за заштита на правата на жртвите од полициска злоупотреба. Тоа е наведено во Извештајот на НП за 2007 [47] во кој е посочено дека се примени 347 претставки за полициска злоупотреба за 2007 , но наедно е констатирана слабост во функционирањето на органите во состав на полицијата.
Слабоста особено се потенцира во делот на внатрешните истраги каде е утврдено дека немало пречекорување на полициските овластувања, а подоцна по барање на НП процесуирани се случаите пред истражен судија.

## *6.1 Коцката е фрлена [48] – поднесени кривични пријави до Јавното обвинителство*

Во 2008 година од страна на ППЧП беа поднесени 4 кривични пријави до ЈО.
Беа поднесени по една кривична пријава во регионите Скопје-Велес, југозападна Македонија, северозападна Македонија и североисточна Македонија.
Во регионот на Скопје и Велес беа поднесени и две претставки за случаите (СК070 и СК073) до народниот правобранител врз основа на кои тој подоцна побара кривична одговорност за полициските службеници пред Јавното обвинителство.

---

[46] Види: Случај Џеладинов и други, Апликација бр. 13252/02, Случај Сулејманов, Апликација Бр. 69875/01, Случај Јашар Апликација Бр.69908/01.

[47] http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj-2007-mak.pdf

[48] Alea jacta est

Исход од поднесени кривични пријави во 2008

| | Североисточна Македонија (Арка Куманово) | Скопје и Велес (Коалиција) | Југоисточна Македонија (Избор Струмица) | Северозападна Македонија (ЦДР Тетово) | Југозападна Македонија (ЦГИ Прилеп) |
|---|---|---|---|---|---|
| Нема одговор | | 1 | | 1 | |
| Поднесен обвинителен акт | | | | | 1 |
| ОЈО се откажува од гонење | 1 | | | | |

Поднесени кривични пријави и исход од нив во периодот 2004-2007

| | Североисточна Македонија (Арка Куманово) | Скопје и Велес (Коалиција) | Југоисточна Македонија (Избор Струмица) | Северозападна Македонија ( ЦДР Тетово) | Југозападна Македонија ( ЦГИ Прилеп) |
|---|---|---|---|---|---|
| Поднесена кривична пријава | 8 | 12 | 5 | 7 | 1 |
| Нема одговор | 3 | 4 | | 5 | |
| Поднесен обвинителен акт | 1 | 1 | 3 | 1 | |
| ОЈО се откажува од гонење | 4 | 7 | 2 | 1 | |
| Поднесена супсидијарна тужба | | 4 | 2 | 4 | 1 |

Според податоците од организациите вклучени во овој проект од 2004 до денес се покажува слаба ефикасност на ОЈО Скопје и ОЈО Тетово, додека како позитивен пример треба да се истакне експедитивноста на ОЈО Прилеп.
Во овој временски период постојат и кривични пријави за кој ППЧП се уште нема добиено одговор, а се поднесени во период 2005 и 2006 година.

Од 4-те одговори на ОЈО Куманово, три се однесуваат за предмети заведени во 2006 година, и кои беа решени во 2008 година, како одговор на јавните критики упатени за подобрување на ефикасноста на ЈО.

Според последниот графички приказ кој дава процентуално каков е статусот на кривични пријави од 2004 до денес, може да се забележи дека голем број од пријавите се уште немаат разрешница.

Статус на поднесени кривични пријави од 2004 - 2008




Во овој дел треба да се укаже дека жртвите сакаат да се јават како супсидијарни тужители, но за жал постојат случаи кои се водат од 2005/2006 година за кои се уште ниту жртвата ниту пак организациите не знаат кога ќе се дојде конечно до разрешница или до евентуално задоволување на правдата. Еден од тие случаи е и СК034 кој од 2006 година чека да добие одговор од ЈО.

*Случај 10 – институционална (не)ефикасност*

*Кај СК034 поднесено е барање за утврдување на кривична одговорност на ОСЛ од страна на народниот правобранител во 2006, а во октомври 2007 година даден е предлог за дополнување на истрагата.*

*Предлогот е доставен до истражен судија на ОС Скопје 1 од страна на ОЈО Скопје, на ден 8.10.2007 година и е побарано да се прибави Правилникот за вршење на работите на МВР и Уредбата за употреба на средства за присилба и огнено оружје, да се сослушаат наведените сведоци, како и од Институтот за судска медицина да се прибави медицински вешт наод и мислење за повредите настанати на жртвата од полициско насилство.*

*На ден 4.11.2008 стигнат е одговор до ППЧП од истражно одделение на ОС Скопје 1 во кое се вели дека истражната постапка е во целост завршена и предметот на 15.09.2008 година е даден до Институт за судска медицина и криминалистика Скопје, по претходно издадена наредба од истражен судија на 15.09.2008 да се изврши медицинско вештачење.*

Од причина да се дојде до ефикасна истрага како и разумен рок во кој ЈО ќе ги преземе потребните мерки, ППЧП ја поздравува идејата за унапредена улога на јавното обвинителство што ќе доведе и до формирање на посебно Одделение кое исклучиво ќе ги гони стори-

телите на кривични дела сторени од страна на службени лица со полициски овластувања.[49]

Во тој дел се надеваме на посериозен пристап на ОЈО во случаи каде има полициска злоупотреба и полициско насилство, особено во случаи кога тоа подоцна е потврдено и со наод од Институтот за судска медицина и криминалистика. Како пример го наведуваме СК074 кој бил отфрлен од ОЈО да гони по службена должност, а се однесувало за нанесување на тешки телесни повреди.

> *Случај 11- избегнување на одговорност на надлежните институции за гонење по службена должност*
> *Жртвата од случајот СК074 има поднесено кривична пријава на ден 16.02.2005 за нанесување на тешки телесни повреди од полициски службеници.*
> *ОЈО Куманово ја отфрла на 25.05.2005 поради немање основа. Во согласност со законските овластувањата ЈО е должно да гони по службена должност доколку настанале тешки телесни повреди. На 28.09.2006 поднесен е супсидијарен обвинителен акт за продолжување на постапката и како доказ е приложен наод од Институтот за судска медицина во чие мислење повредите со кои се здобила жртвата од кривичноправен аспект претставуваат тешка телесна повреда со значително, но не и трајно оштетување на важен дел од телото.*

Во овој дел ќе ги истакнеме уште еднаш препораките на КПТ Извештајот од 2007 година, во кој се наведува дека секогаш кога лицата изведени пред обвинител или пред судија се жалат на малтретирање од страна на службеници задолжени за спроведување на законот, обвинителот/судијата писмено да ги заведе наводните обвиниенија, да нареди веднаш форензичко здравствено испитување и да ги преземе потребните чекори со кои ќе се осигура наводните обвиненија да бидат соодветно истражени.[50]

## *6.2 Каква е улогата на народниот правобранител - поднесени претставки и исход од нив*

Во 2008 година до народниот правобранител поднесени се 23 претставки и тоа 2 од регионот Скопје и Велес, 6 претставки од регионот на северозападна Македонија, 8 претставки од регионот на југозападна Македонија, 6 претставки од регионот на југоисточна Македонија и 1 претставка од Кумановскиот регион или североисточна Македонија.

---

[49] Предлог механизми за засилување на системот за надворешна контрола на органите за спроведување на законот.
[50] Извештај на КПТ од посетата на РМ за период од 14 до 18 октомври 2007.

### Добиени одговори од НП во 2008

| | Североисточна Македонија (Арка Куманово) | Скопје-Велес (Коалиција) | Југоисточна Македонија (Избор Струмица) | Северозападна Македонија (ЦДР Тетово) | Југозападна Македонија (ЦГИ Прилеп) |
|---|---|---|---|---|---|
| Поднесено барање за одговорност | | 2 | 1 | | 5 |
| Известување дека постапката е во тек | | | | 4 | 2 |
| Се откажува од постапката | 1 | | 6 | | |
| | | | | | |
| ВКУПНО | 1 | 2 | 7 | 4 | 7 |

Во овие податоци се внесени и одговори добиени во 2008 година за поднесена претставка во 2007. Притоа може да се забележи дека во Скопје и во Прилеп претставките се прифаќаат од страна на канцелариите на НП и се поведува постапка за одговорност на службените лица во полиција, додека во Струмица најчесто НП се откажува од постапката поради немање основа или во согласност со претходно добиените известувања на СВКПС.

За поднесените претставки во Тетовскиот регион доставени се писмени известувања дека постапката е започната и за крајниот исход организацијата ќе биде дополнително и писмено известена.

Ваквото дејствување на локалните канцеларии на НП претставува нееднаквост во водењето на политика за заштита на човековите права и е оставено на слободна процена на надлежните лица во оваа институција. Во Скопскиот регион известувањата се добиваат усно и преку редовни контакти, додека во Тетовскиот регион НП редовно писмено го известува ППЧП за прогресот на постапката.

### Исход од претставки до НП



Улогата на НП генерално се движи во два правци и тоа: првиот е испитување и констатирање на повредените права и преземање мерки за нивно отстранување, а другиот правец е во превентивното дејствување.
Практиката на дејствување на НП во вакви случаи честопати е комплицирана, особено кога треба да се утврди пречекорување на службените овластувања и неоправдано користење на физичка сила[51].

Народниот правобранител не треба само да се потпира на информациите добиени од МВР, туку треба и самостојно и непристрасно да иницира постапки за одговорност во согласност со законските овластувања.

Во овој дел потребно е засилување на улогата на НП преку директно доаѓање до доказниот материјал заради утврдување на вистинската фактичка состојба.[52]

## *6.3 Има ли правда?? - судски постапки за полициска злоупотреба*

Во периодот на известување, во рамките на ППЧП се одвиваа три судски постапки од кои две заведени во регионот на Скопје и на Велес, и една судска постапка заведена во регионот на југозападна Македонија.

Во 2008 година е заведен само случајот ПП027 во кој се покажа ефикасноста на постапувањето на судот во Прилеп и кај овој случај е завршен главниот претрес при што се чека доставување на пресудата до ОЈО Прилеп, како и до адвокатите на обвинетите лица.
Кај овој предмет дојде до спојување на две кривични пријави, или поточно обвинителен акт од ОЈО Прилеп за напад на службено лице и приватна тужба на жртвата на полициско насилство. По приватната тужба на жртвата на полициска злоупотреба беше ангажиран адвокат со финансиска поддршка од Фондацијата Институт отворено општество- Македонија.

За двата случаи кои се заведени и мониторирани во регионот на Скопје имаше 6 одложувања и 1 одржување на рочиште, додека за случајот во југозападна Македонија се одржаа 5 главни претреси и 2 одложувања на рочиште.
Според темпото и одржувањето на рочиштата може да се констатира дека ОС во Скопје е бавен и со чести одложувања. Но, само од наведената бројка не може да се извлече реален заклучок за судската ефикасност, од причина што одложувањата се од субјективна природа и зависат како од судот, така и од самите странки во процесот.

---

[51] види фуснота 33.
[52] види фуснота 33.

## Заклучоци:

• Неефикасно постапување на Јавното обвинителство каде жртвите не добиваат одговор во разумен рок по поднесена кривична пријава.
• ОЈО не спроведуваат независна истрага со која ќе се докаже полициско насилство или тортура, туку се потпираат на информациите добиени од МВР, па во 41% од вкупно поднесените кривични пријави за период од 2004 до 2008 се откажале од гонење.
• Регистрирани се случаи со медицинско вештачење кое потврдува нанесување тешки телесни повреди кое се гони по службена должност, а кои биле отфрлени од ОЈО и странките упатени на приватна тужба.
• Во 2008 година се зголеми соработката на граѓанскиот сектор со народниот правобранител, при што по поднесена претставка од страна на ППЧП , народниот правобранител за 33% случаи поднел барање за одговорност на ОСЛ, за 25% случаи НП доставил известување до организациите дека постапката започнала и дека за крајниот исход ќе добијат писмено известување, додека во 29% се откажал од постапката.
• Констатирана е неусогласена политика на канцелариите на НП по однос на поднесени претставки за повреда на човековите права.
• Судските постапки за полициска злоупотреба и тортура се бавни, и за два предмета кои се заведени во 2006 година, во оваа година има 6 одложувања на рочишта и само едно одржано.
За пофалба е ОС Прилеп кој за случај заведен во крајот на 2007 година одржа 5 рочишта за главен претрес и во моментот се очекува соопштување на пресудата.

## ПРЕПОРАКИ

• Да се пристапи кон формирање на специјализирано одделение при ЈО за полициска злоупотреба[53] кое ефикасно и брзо ќе постапува по добиените кривични пријави.
• Советот на ЈО да ги испита темелно истрагите во кои ги отфрлило ОЈО кривичните пријави за кои подоцна со медицинско вештачење е утврден наод од тешка телесна повреда . Во овие случаи Советот на ЈО веднаш да пристапи кон утврдување на евентуална злоупотреба на службената должност на јавниот обвинител.
• Да се засили улогата на народниот правобранител со која ќе му се дозволи независна истрага, надвор од истрагата која ја спроведува МВР
• Народниот правобранител да располага со буџет за форензичарски испитувања со кои ќе се утврдува нанесена телесна повреда (физичка и психичка) при што нема да биде зависен само од истрагата и од добиените докази од страна на МВР.
• Судовите да го почитуваат правото на судење во разумен рок, без непотребни одлагања на рочиштата.

[53] ППЧП ја поддржува идејата на Здружението на ЈО за формирање на вакво специјализирано одделение.

# 7. Облици на соработка со државните органи

Подобрувањето на пристапот и довербата на граѓаните во државните органи и засилување на односот меѓу владиниот и граѓанскиот сектор е една од целите на Проектот за поддршка на човековите права.

## *Локални координативни состаноци*

Локалните координативни состаноци се дел од проектните активности преку кои се засилува односот на владиниот и на граѓанскиот сектор во насока на давање максимална помош на жртвите од полициска злоупотреба.

Учесници на овие состаноци се инспектори на СВКПС, претставници на НП, како и претставници на локалните организации на ППЧП.

За жал во 2008 година, тие се одржаа само во југозападна и југоисточна Македонија и тоа по два состанока одделно за секој регион. На нив се разговараше за заведените случаи на тие подрачја, преземените дејства од страна на Секторот и постапувањето на народниот правобранител.

Во североисточна Македонија беше покрената иницијатива за одржување на локален координативен состанок која беше доставена до деташираниот инспектор од Куманово, но од негова страна беше доставен одговор дека за ваков тип состаноци потребно е да има согласност од СВКПС во Скопје.[54]

Во регионот на Скопје и на Велес, тргнувајќи од искуствата од 2007 година кога не можеше да се организираат заеднички средби на претставниците од СВКПС и НП, и оваа година беа одржани посебни состаноци во насока на информирање за регистрираните случаи и постапувањето по нив.

## *Локални совети за превенција*

Локалните совети за превенција, кои досега се формирани во 37 општини на подрачјето на Република Македонија, имаат за цел да

[54] Во 2007 година во Куманово немаше деташиран инспектор.

воспоставаат приближување на полицијата до граѓаните, зголемување на довербата и засилување на соработката меѓу граѓаните и полицијата на локално ниво.
Од 2008 година Коалицијата "Сите за правично судење" која го претставува регионот на Скопје и на Велес е член на Локалниот совет за превенција на Општина Карпош.
Локалниот совет за превенција прима барања, информации и претставки од граѓаните, нивно разгледување и идентификација на проблемите и изнаоѓање на решенија за проблемите со кои се сретнуваат граѓаните на локално ниво.

# 8. Завршни согледувања и препораки- - потешки се делата отколку зборовите[55]

Односот на полицијата кон граѓаните е показател за развојот на едно демократско општество. Начинот на кој се постапува со личноста која е осомничена за кривично дело конкретно покажува во колкава мера државата ги почитува индивидуалните човекови права. Доколку не се почитуваат човековите права во полициска станица или во просторија за задржување и за притвор, државата не ги исполнила своите должности.

Во 2008 година Проектот регистрираше 38 жртви на полициска злоупотреба од кои 38% се жалеа на нанесување на телесни повреди. За разлика од претходните години , оваа година Проектот регистрираше учество на поголем број полициски службеници во однос на пријавените случаи или инволвирани 49 полициски службеници во 37 случаи. Иако во некои случаи граѓаните се жалеа на полициска злоупотреба од страна на повеќе ОСЛ, сепак СВКПС во 76% од доставените одговори констатирал неоснованост на поднесените претставки.

Граѓаните во 10 случаи се жалеа на тортура, но само за еден случај СВКПС достави одговор со кој го информираше Проектот дека за наведениот настан е составен и доставен Посебен извештај до ОЈО Ресен.

Неоснованоста како најчест одговор во кој нема правна поука ниту второстепено решавање го проблематизира постоењето на пристап до правдата. Дали се се завршува со одговорот на СВКПС? и чија вистина е посилна, онаа на граѓанинот или на полицискиот службеник.
Одговорот на СВКПС при МВР во кој во 76% е констатирана неоснованост е суштински документ на кој се засновуваат Решенијата на Основното јавно обвинителство.

[55] Sunt facta verbis difficiliora.

Затоа Проектот препорачува да се формира моќен кадровски и независен сектор за внатрешна контрола кој ќе спроведе соодветна постапка во која ќе има можност за правен лек, како и постоење на надворешна комисија која ќе постапува по жалбите на граѓаните по однос на спроведената истрага од страна на СВКПС и која ќе има овластување да ги проверува истрагите на секторот.

Проектот смета дека е потребно да дојде и до измена на казнената политика на РМ, па за секоја телесна повреда настаната од ОСЛ да биде преземено гонењето од страна на Јавното обвинителство по службена должност.

За кривичните дела присилба (кое се гони со приватна тужба), мачење, како и малтретирање во вршење на службата за кои се предвидува максимална казна затвор од 5 години, потребно е да се зголеми висината на казната и да се постапува по нив сериозно со докази кои ќе ги обезбеди МВР и Јавното обвинителство.
Наедно Проектот смета дека треба да се пристапи кон формирање на специјализирано одделение при ЈО за полициска злоупотреба кое ќе постапува ефикасно и брзо по добиените кривични пријави.

Во 38% од пријавените случаи граѓаните се жалеа на нанесување на телесни повреди. Проектот препорачува да се креира јасна дефиниција што значи употреба на сила во случаи на приведување или на гонење на осомничени лица.

Оваа година беа нотирани спектакуларни апсења во кои се прикажа јавно идентитетот на лицата кои се приведуваа и во кои не се водеше грижа за почитувањето на угледот и на честа на жртвите.
Затоа Проектот бара од МВР и медиумите да не го кршат правото на презумпција на невиност и да не објавуваат снимки со спектакуларни апсења како доказ за ефикасноста на МВР во справувањето со организираниот криминал.

Во 2008 година Република Македонија го ратификуваше Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура кој предвидува формирање на Национален превентивен механизам против тортура во затворени простории како што се полициски станици, затвори, психијатриски установи и др.
Во законскиот текст на ратификацијата беше вградена и изјавата на народниот правобранител за носител на ова тело во соработка со граѓанскиот сектор кој треба јасно и конкретно да се дефинира за период од 12 месеци од моментот на ратификацијата.
Затоа ППЧП препорачува во Националниот превентивен механизам да учествуваат граѓански организации кои се вклучени активно во

сферата на заштита на човековите права со родова рамнотежа, како и адекватно претставување на етничките и на малцинските групи во земјата.

Во согласност со претходно изнесените информации , сметаме дека Проектот треба и понатаму да продолжи да ја набљудува состојбата на човековите права во релација со полицијата. Исто така значајно е здруженијата на граѓани кои даваат бесплатна правна помош да бидат вклучени во Предлог-законот за бесплатна правна помош и на тој начин да се овозможи поширок избор во пристапот до правдата од страна на граѓаните.

ПРАВИЧНОСТА Е ПОСКАПОЦЕНА ОД СЕКОЕ ЗЛАТО
**Iustitia omni auro carior – CICERON**

# 9. Прилози

## Прилог 1: Рецензија на Извештајот за заштита на човековите права на жртвите на полициска злоупотреба и мачење за 2008 година (со правна анализа), подготвен во рамките на Проектот за поддршка на човековите права

Извештајот е сеопфатна правно теоретска и емпириска анализа на заштитата на човековите права при полициското постапување во Република Македонија. Анализата е резултат на континуираното следење на состојбата на полето на почитување на правата на граѓаните од страна полицијата во последните четири години. Ваквата дизајнираност на Проектот за поддршка на човековите права дава прегледност, не само на случаите на лошо постапување на полицијата туку и на трендот во нивното зголемување и намалување, како и лоцирањето на главните генератори на лошото постапување во полицијата. Исто така, Извештајот за 2008 година ги детектира подрачјата каде треба да се дејствува со цел да се намали лошото постапување на полицијата, а исто така дава и препораки во засилувањето на механизмите кои ќе обезбедат независна контрола над полицијата, се со цел за нејзино поефикасно постапување следејќи го концептот на правата на граѓаните, како основен вредносен постулат на нашиот демократски систем.
Извештајот за заштита на човековите права на жртвите на полициска злоупотреба и мачење за 2008 година, во многу од своите заклучни согледувања и препораки кореспондира со извештаите на меѓународните тела и органи за заштита на правата од можни полициски злоупотреби. Како оние на Комитетот за превенција на тортурата на Советот на Европа, на Комесарот за човекови права на СЕ Томас Хамарберг од неговата посета на РМ во 2008 година, како и оној на Комитетот против тортура на ОН. Она што го прави овој извештај дополнително релевантен во областа на заштитата на правата е неговата објективност и непристрасност во детектирањето, истражувањето и во давањето правна помош во случаите на тортура и на нечовечко и понижувачко постапување и казнување од страна на полицијата во Република Македонија.
Исто така, резултатите на истражувањата спроведени во рамките на проектните активности се исклучително корисни во детектирањето на ранливите групи во општеството од полициски манифестираната бруталност и потребата од вклучување на сите сегменти на општеството во градењето механизми за нивна заштита и намалување на случаите на полициско лошо постапување. Ако се следат внимателно резултатите на

спроведените истражувања за полициската бруталност во РМ (во рамките на проектот) ќе се забележи позитивен тренд на намалување на пречекорувањата на полициските овластувања за сметка на правата на граѓаните во областа на мачењето и нечовекото и понижувачко постапување на полицијата, но затоа се детектира нов негативен тренд во непочитување на презумпцијата на невиност и медиумските спонзорирани т.н. “спектакуларни апсења”.

Извештајот е особено користен во градењето свест за потребата од почитување на правата на граѓаните во постапувањето на полицијата и добра основа за градење на нова филозофија во односите на граѓаните со полицијата. Истовремено, резултатите од Проектот се транспарентен одговор на полициската поткултура, која се обидува да ја исклучи јавноста и граѓаните од секаков увид во полициското работење. Истовремено Извештајот е одговор и на потребата за градење независни механизми на надзор над полициското лошо постапување, онака како го бараат од нас ОН, како и во градењето на капацитетите на невладиниот сектор во оваа област. На овој начин Извештајот ги реафирмира заклучоците на работната група на ОБСЕ за надворешни механизми на надзор над лошото постапување на полицијата и уште еднаш ја потсетува полицијата дека нивното креирање е во корист на самата полиција и процесите на реформите кои се случуваат и течат во моментов. Процеси кои треба да ја засилат довербата на граѓаните кон полицијата и да ја приближат кон нивните потреби. Поточно, да ја конституираат како безбедносен серивис на граѓаните во Република Македонија.

Се надевам дека извештајот ќе биде достапен на јавноста и ќе биде корисен придонес во процесот на континуираната расправа за унапредувањето на полицискиот сервис во РМ. Како што може да се констатира од самите заклучни согледувања, целта на овој извештај не е да ја осуди генерално полицијата за лошото постапување, туку бара индивидуализирање на вината за тоа и поголема ефективност и ефикасност на институционалните и вонинституционалните органи кои треба да се борат со неа. Извештајот е онаа потребна нишка на поврзување на полицискиот сервис со граѓанскиот сектор во барањето на заеднички прифатливи решенија со кои се судираат во нивните меѓусебни односи. Затоа користа од Извештајот е двострана. И во тоа е можеби најголемата сила на овој извештај.

Се надевам дека Проектот ќе продолжи и во наредната година и дека понатаму ќе ги следи трендовите во постапувањето на полицијата во согласност со концептот на правата на граѓаните. Како оние позитивните, така и оние негативните. Едните да бидат поздравени, другите да бидат детектирани, осудени и променети.

Скопје, 15.12. 2008 — д-р Звонимир Јанкуловски

## *Прилог 2: Литература*

Годишен извештај ППЧП 2004-2005.
Годишен извештај на ППЧП 2006.
Полицијата и човековите права –Годишен извештај за 2007 , Проект за поддршка на човековите права.
Извештај за 2007 –Народен правобранител .
Извештај на СВКПС, www.mvr.gov.mk
Извештај на КПТ од посетата на РМ за период од 14 до 18 октомври 2007.
КПТ Извештај 2008 , http://www.cpt.coe.int/documents/mkd/2008-31-inf-mkd.pdf
Извештај на комесарот за човекови права Томас Хамарберг од неговата посета на Република Македонија во периодот од 25 до 29 февруари 2008.
Заклучни согледувања на Комитетот против Тортура 40 сесија / CAT /C/ MKD/CO/5 , 15 May 2008.
Универзална декларација за човекови права. http://www.unhchr.ch/udhr/lang/eng.htm
Европска конвенција за човекови права
Закон за полиција, 2006 Службен весник бр.114/2006.
Правилникот за вршење на работите на СВКПС на МВР, 2007.
Сл. весник на РМ бр 72 од 11.06.2007 –Кодекс на полициска етика
Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на МВР.
Слобода,безбедност и правда за сите –Правда и внатрешни работи во Европската Унија , ЕЗ 2004.
Базични документи против тортура, Хелсиншки комитет за човекови права на РМ, 2004.
Асоцијација за превенција од тортура- Воспоставување и назначување на национални превентивни механизми 2006.
Полициска етика и деонтологија – Трпе Стојановски, 2006.
Fair Trials Manual – Amnesty International Publications 1998, Издавач Фонд за хуманитарно право, Белград 2001.
Анализа на меѓународните стандарди, домашното законодавство, механизми, институции и практика- Надворешен надзор на органите за спроведување на законот.
Предлог-механизми за зајакнување на системот за надворешна контрола на органите за спроведување на законот.
Забрана за тортура , Прирачник за човекови права бр. 6 – Aisling Reidy.

## *Прилог 3: Контакти на организациите кои го имплементираа ППЧП*

КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
Регион: Скопје и Велес
Телефон: 02/3215 263 e-mail: contact@all4fairtrials.org.mk

АРКА
Регион: Куманово, Штип, Крива Паланка и Кратово
Телефон: 031/421-362 e-mail: arka@arka.org.mk

ЦДР
Регион: Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар
Телефон: 044/339-903 e-mail: centerdd@hotmail.com

ЦГИ
Регион: Прилеп, Битола, Крушево, Македонски Брод, Ресен, Охрид, Струга, Кавадарци и Неготино
Телефон: 048/400-480 e-mail: ccimk@mt.net.mk

ИЗБОР
Регион: Струмица, Гевгелија, Кочани, Радовиш, Берово и Делчево
Телефон: 034/349-411 e-mail: izborsr@sonet.com.mk

## БЕСПЛАТЕН ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ

**080011333**

**CIP** - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.7.037:351.74(497.7)"2008"

ТОМШИЌ-Стојковска, Аница
Пристап до правдата: извештај за заштитата на човековите права при полициска злоупотреба и тортура: [2008] / [Аница Томшиќ-Стојковска] - Скопје : Коалиција "Сите за правично судење", 2009. - - 59 стр., 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 58. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4552-03-1

а) Права на човекот - Заштита од полициска повреда - Македонија - 2008

COBISS.MK-ID 77206538

United Nations
Human Rights
OFFICE OF THE HIGH COMMISSIONER FOR HUMAN RIGHTS

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА